# „Дизајнирај ја својата заштитна кацига или маица за возење на велосипед!“

Можноста за креативно изразување е важна за децата и нивниот развој. Со оваа активност учениците ќе имаат можност да се релаксираат преку креирање на свој уникатен дизајн.

Изразување на својата креативност, имагинација и перцепција.

**Методи и стратегии:**

Визуелен метод на учење
Креативен метод на учење
Перцепција

**Вид на активност:**

Со оваа активност секој ученик ја изразува својата креативност, преку свој уникатен дизајн за заштитна кацига и/или маица.

**Потребни материјали**

Испечатени темплејти кои се наоѓаат во работниот дел на овој прирачник.

Боици

Индивидуална работа

Групна работа

30-40 мин.

Како се спроведува активноста:

Секој ученик во одделението треба да добие по еден примерок од темплејтите кои можете да ги најдете во работниот дел на прирачникот под наслов Дизајн. Секој ученик индивидуално го креира својот дизајн за заштитна кацига или маица за возење на велосипед.

## РЕЗУЛТАТ

Развивање на креативност/имагинација/добра забава

Ве молиме пополнете ја следната табела со цел подобрување на активностите во иднина и споделете ги со нас вашите одговори на: veloschools.ecologic@gmail.com

| Што ми се допадна од оваа активност? | Што не ми се допадна од оваа активност? | Што би промениле? |
|---|---|---|
| | | |

## Дополнителни информации:

-Темплејтите за дизајн можете да ги најдете во работниот дел на овој прирачник, под наслов Дизајн.

*Вело Училишта препорачува постојано носење на заштитна кацига додека возите велосипед!